Сертификација
МКС EN ISO/IEC 17021
CT - 009
Certification

# Записник од работен состанок на членовите на Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија одржан на 09 март 2023 година

Присутни:

Мабера Камбери, Нахида Зекирова – Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Елвис Мемети - Влада на Република Северна Македонија, Арабела Иљаз - Министерство за образование и наука (МОН), Алберт Дениз Селмани - (НВО Ромалитико), Сузана Камческа, Виолета Стефановска – Министерство за транспорт и врски (МТВ), Марија Белевска Хаџи Василева - Министерство за финансии, (МФ), Сузана Цековска, Хамди Демири - Министерство за внатрешни работи (МВР), Михајло Костовски – Министерство за здравство (МЗ), Ферди Исмаили – (НВО Сонце), Нафи Сарачини, Канцеларија на ЕУ Скопје, Вељка Јуран, Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), Зоран Барбутов, Министерство за надворешни работи (МНР), Младен Фрчковски, Тања Крстевска – Министерство за труд и социјална политика (МТСП),

## Дневен ред

1. Информација за имплементација на активностите во ресорните министерства во рамки на Стратегијата за инклузија на Ромите, во периодот 2022 година
2. Информација по однос на Националните Акциони планови (НАП)
3. Дискусија по однос на други прашања

По презентирањето и прифаќањето на точките од дневниот ред предвидени за работната средба од страна на присутните средбата започна со работа по предвидениот тек.

На почетокот на состанокот  се информираше за важноста и значењето на работата на Национланото координативно тело посебно во процесот на скринингот на Македонија во претпристапните преговори  за прием на земјата во Европската Унија.

Од страна на МТСП се информира по однос на реализираните активности во изминатиот период и поважните настани што следуваат.

Во рамки на проектот Инклузија на деца Роми во предучилишно образование, престана поддршката од страна на Ромскиот едукативен фонд за учебната 2022/2023година. Се потпишаа трипартитни договори за соработка помеѓу општините, детските градинки и МТСП, со вкупно 21 општина, од предвидениот таргет од 24 општини кои се опфатени со усвоена препораката од Влада за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик со поддржано учество на единиците на локалните самоуправи.  Во преговори со УНИЦЕФ  за можност за финансирање на компонента од проектот за поддршка и јакнење на ромската заедница за важноста од предучилишно образование.

По однос на  решавањето на  проблемот  со неевидентираните лица во матична книга на родени со смена на  одговорното лице од УВМКР добиена е информација дека лицата кои поднеле барања воопшто не биле регистрирани туку биле запишувани само на хартија.  УВМКР има обврска до мај 2023 преку МВР  да ја информира  Владата за процесот на  внесување на лицата во посебната книга на родени.

Во тек е подготовка на нов Закон за евиденција во матични книги на родени. Од страна УНХЦР се бараат системски измени  за неколку закони, меѓутоа тоа не може да се изведе, бидејќи ќе треба да се менуваат неколку закони.

Дадена насока  од МВР  да се формираат повторно мобилни тимови кои ќе работат на терен.

Во декември 2023 година ќе се одржи конференција на која ќе биде доделена награда за МВР по однос на решавањето на  без државјанството во Република Северна  Македонија. Се очекува до септември тој проблем да биде целосно решен и земјата да биде прва земја во регионот во решавањето на ова прашање.

По однос на подготовка на  Нацрт верзијата на законот за социјално домување кој е дел од новиот Закон за домување се истакна потребата од  дополнителен експерт за завршување на овој дел.

Во ноември 2023 година се планира да се одржи 9тата Меѓународна конференција за жените Ромки со поддршка на Совет на Европа. Во оваа насока потребно е обезбедување на учество на женски ромски организации.

По однос на состојбата на лицата во Визбегово остануваат дислоцирани 13 семејства (76 лица, 25 возрасни и 51 деца) во надлежност на МТСП и сместени се во привремените живеалишта во Визбегово. Во работа со овие лица вклучени се стручни лица од ЦСР, МТСП и 2 ромски НВОи. Се прават напори за нивна интеграција и осамостојување.

Функционираат 8 Ромски Информативни Центри (Гостивар, Делчево, Кочани, Виница, Неготино, Кичево, Битола и Шуто Оризари). Во тек е процесот за нивна трансформација во Центрите за социјална работа.

Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, разговарано е со институциите како да се реализира одобрениот буџет во рамки на Стратегијата за Роми 2022-2030 по институции. По однос на одбележување на 8 април, Меѓународниот ден на Ромите дадена е информација за одржување на тематска работилница по однос НАПи и нивната реализација, додека на 7ми април ќе се одржи Централен настан во Влада на Република Северна Македонија на тема Европски перспективи за развивање на ромската заедница.

МТВ, тековни огласи по однос на Проектот за домување на социјално ранливите групи за доделување на социјални станови во Гевгелија и Демир Капија и проекти од доменот на комуналната инфраструктура. Капиталните дотации течат, во очекување е финализрање на Законот за социјално домување.

Во министертсвото за образование и наука тековно се реализираат планираните проекти во делот за подобрување на образованието кај децата Роми.

Продолжува да се реализира проектот во делот основно образование, Министерството за образование и наука (МОН) го зголеми бројот на ангажирани ромски образовни медијатори од 26 општини во РСМ.

Во рамки на средното образование, МОН доделува стипендии за средношколци Роми од јавните и приватните училишта во пет категории за учебната 2022/2023 каде што е зголемен бројот на стипендисти за средното и за високото образование. Согласно НАП за образование се побарани педагошки асистенти за основно и средно образование. Со измена на законот за наставници да се направат напори за влез на Роми во Рецензенската комисија за подобрување на критериумите за етничките заедници (Ромите) согласно методологијата за изработка на учебници.

МЗ, по однос на поглавје 28 и 02 направена е презентација со фокус на Ромите, пристап до здравствена заштита и услуги, во рамките на скрининг процесот.

Се планира во рамките на ЕУ програмите од IPA компонента поддршка од 2,5 милиони евра за унапредување на здравствените политики посебно за маргинализираните групи, креирање на активности во насока на сензибилизација на здравствените работници, подобрување на здравствените услуги, елиминирање на дискриминацијата, намалување на смртноста кај Ромите подобрување на животниот век кај Ромите и поддршка на суб специјализации.

Од страна на претставникот на Канцеларијата на ЕУ, се информира за тековните проекти поддржани од ИПА, во делот за домување. Се направи споредба на Стратегијата за Роми со европската Стратегија, добра анализа во контекстот на скринингот за Република Северна Македонија.

ИПА 2023 ќе се направи спојување со 2024, каде што ќе има поддршка во делот на образованието, домувањето (ќе се подготви анализа да се видат условите на домување во неколку општини, сериозно и фокусирано со резултати по однос на проблемите). Ќе се продолжи соработката со Ромскиот едукативен фонд и со Совет на Европа. Ќе продолжи поддршката со РЕДИ, за подобрување на вработувањето на најранливите категории и поддршката за проектот младинска гаранција.

МТСП, предложено да се подготви посебен Акциски план за вработување и да се опфатат пилот 2 општини на кои ќе се работи.

Заклучоци:

1. УВМКР има обврска до мај 2023 преку МВР да ја информира Владата за процесот на внесување на лицата во посебната книга на родени.

Изработил:

Нахида Зекирова

Одделение за имплементација на Стратегијата за Роми